**Известување за концентрација со која Терна Форвард С.р.Л од Италија индиректно ќе стекне заедничка контрола над Весии С.р.л. од Италија**

**(предмет бр. 08-7 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 09.01.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Терна Форвард С.р.Л со регистрирано седиште на Виале Егидио Галбани бр. 70, 00156, Рим, Италија индиректно ќе стекне заедничка контрола над Весии С.р.л. од Италија со регистрирано седиште на Виа Давиде Гаглиардо 7, 16043 Кјавари, Италија, која ќе се остварува заедно со неговите сегашни акционери, Дхт Комодитис С.А. со седиште на Виа Тревано 2А, 6900, Лугано, Швајцарија и физичкото лице Мауро Миљаци, Италија.

-Терна Форвард С.р.Л **е** друштво инкорпорирано според законите на Италија, е еден од водечките европски оператори на мрежата за пренос на енергија и холдинг компанија на истоимената групација ("Групација Терна"). Терна е сопственик и оператор во Италија на високонапонски електроенергетски инфраструктури кои ја сочинуваат Националната мрежа за пренос, вклучувајќи далноводи и трансформаторски станици, и е најголемиот независен оператор на мрежата за пренос на електрична енергија во Европа. Оттука, основната дејност на Терна се состои во пренос и испорачување на електрична енергија на национално ниво. Преку своите претпријатија-ќерки, Терна врши и бројни други дејности во енергетскиот сектор.

Групацијата Терна нема претпријатија-ќерки, филијали или претставништва основани во Северна Македонија, и не генерирала промет во Северна Македонија во 2022 година.

-Дхт Комодитис С.А. е друштво за тргување со стоки, основано според законите на Швајцарија и индиректно контролирано од Дуферко Партисипејшнс Холдинг С.А., работи главно во секторот за гас и електрична енергија и неговата основна дејност е фокусирана на трговија со природен гас, Течен природен гас (ЛНГ (анг: *LNG*)) и обновливи извори на енергија. Дополнително, бизнисот на ДхТ се проширува и на други стоки како нафта и железо. Дуферко е друштво основано според законите на Луксембург, холдинг компанија на Групацијата Дуферко, меѓународна групација основана да работи главно во сектор за челик и која со текот на годините има развиено разновидни бизниси во сектори како што е енергија, логистика, транспорт и животна средина. Крајното матично друштво на Дуферко е ББ Холдинг Инвестмент Сарл (*BB Holding Investment Sarl*), регистрирано во Луксембург.

Дуферко има едно претпријатие-ќерка основано во Северна Македонија, друштвото Дуферко МК ДОО Скопје, со седиште на ул. Македонија бр. 53/1, 1000 Скопје, Северна Македонија. Неговата дејност се состои од купување и продавање електрична енергија (на големо).

-Г-дин Мауро Миљаци е физичко лице и еден од основачките партнери на Весии С.р.л.. Г-дин Миљаци не поседува ниту контролира правно лице освен Весии С.р.л..

-Весии С.р.л. е основано во 2016 година, специјализирано за нудење на најсовремени мултиспектрални услуги за инспекција за широк спектар на клиенти, извршени со помош на технологии за далечинска детекција, со користење, особено, на беспилотни летала (дронови) и вештачка интелигенција. Весии работи главно за клиенти активни во секторот за обновливи извори на енергија, особено за оператори во секторот за фотоволтаици. На барање на одредени клиенти,

Целното друштво се подготвува да ја прошири својата понуда на горенаведените мултиспектрални услуги за инспекција и на друштва кои работат во други сектори како што се, меѓу другото, земјоделството и одржувањето на зградите, со вршење на услуги за фотограметрија и 3Д моделирање.

Весии С.р.л. нема претпријатија-ќерки, филијали или претставништва основани во Северна Македонија, и не генерираше промет во Северна Македонија во 2022 година

Според подносителот на известувањето за целите на на оценка на предметната концентрација, релевантниот пазар на производи може да се дефинира како: пазарот на услуги поврзани со енергија и пазарот за производство и снабдување на големо со електрична енергија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

11.01.2024 година

Скопје